**Стево Пендаровски**, кандидатот на СДСМ и ДУИ, е во благо водство (**25,0%**) пред **Гордана Силјановска Давкова**, кандидатка на ВМРО-ДПМНЕ (**22,4%**), односно разликата е 2,6 процентни поени, што е **во границите на статистичката грешка**, па може да се каже дека се работи за изедначена трка и еднаква можност за победа на изборите. Ова го покажаа резултатите од истражувањето „ Претседателски избори 2019 - ставови на јавноста “ на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија „Социетас цивилис“ (ИДСЦС) Скопје. Поддршката за **Блерим Река**, кандидат на Алијансата за Албанците и на Беса е **10,9%** од испитаниците.




Што се однесува до самата излезност на изборите, вкупно **67,3% рекле дека ќе излезат**, а речиси една четвртина (24,1%) рекле дека нема да излезат на изборите. Меѓутоа, прашани да кажат колкава е веројатноста да излезат на избори на скала од еден до 10,

процентот на оние кои сигурно ќе излезат паѓа на 37,2%, а **секој петти (20,4%) сигурно нема да гласа**. Треба да се има предвид дека проверката е правена на повеќе од еден месец од одржувањето на изборите и од започнувањето на официјалната кампања.

Мнозинството симпатизери на ДУИ (57,1%) во првиот круг изјавиле дека ќе гласаат за Блерим Река наспроти 25,7% за Стево Пендаровски, додека во вториот круг мнозинството од нив, 58,6% се определува за Пендаровски. Покрај тоа, **16,8% од етничките Албанци рекле дека нема да излезат воопшто на гласањето во првиот круг**, додека за вториот, процентот расте до 37,3%. Ова може да влијае на постигнувањето на цензусот.

Релативно се изедначени и процентите на испитаниците кои ги перципираат кандидатите Гордана Силјановска и Стево Пендаровски како партиски независни, блиски до народот, чесни, разбирливи во зборувањето и во одбрана на државните интереси. Поголем број од испитаниците ја перципираат Гордана Силјановска како натпартиски кандидат (24,3% наспроти 19% кај Пендаровски), додека пак Стево Пендаровски е виден како кандидат кој ужива поголем углед кај странците (39,3% наспроти 14,2% кои го велат тоа за Силјановска).

За МЦМС и ИДСЦС, анкетата ја спроведе М-проспект. Податоците беа прибирани со телефонска анкета во периодот од 13 до 19 март 2019 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 1001 испитаник.